ОООУ. Св. Климент Охридски
Македонски Брод

**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**
**„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ”**
**Македонски Брод**
Ул:Партизанска бр33 6530 Македонски Брод
тел/фах 075 389 192
www.oouklimentohridski.edu.mk
e-mail:oukliment@yahoo.com
ou-klimentohridski-makedonskibrod@schools.mk

Република Северна Македонија
Основно општинско училиште
„Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
Бр. 01-120/1
10.03. 2025 год
МАКЕДОНСКИ БРОД

# П Р О Г Р А М А

За реализација на ученички летен камп во учебната 2024/2025 год.
СЕДУМДНЕВЕН ЛЕТЕН КАМП ОД I ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ




+-Март, 2025 г.
Македонски Брод

Раководител
Марјан Силјаноски

Директор
Тони Ставрески

Врз основа на Правилникот за начинот на изведување на вонучилишни активности на учениците од основните училишта од член 42 став (2) од Законот за основно образование („Службен весник на Република С. Македонија“ бр.161/19) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од министерот за образование и наука и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“ од Македонски Брод бр.01-551/5 од 15.08.2024 година за учебната 2024/25 година е изготвена програма за изведување вонучилишни активности во летниот период односно летен камп.

Раководителот на другите вонучилишни активности наставникот по Физичко и здравствено образование Марјан Силјаноски, изработи програма за учениците од I до IX одделение да изведат седумдневна ученичка вонучилишна активност во објект од тврда градба со најмалку една училница и обезбедена соодветна опрема како и услови за реализирање на кампот во согласност со членовите 10 и 16 од Правилникот за изведување на екскурзии излети идруги вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Летениот камп ќе се реализира во Охрид или Струга во зависност од понудите и изборот на учениците. Патениот правец е Македонски Брод - преку Кичево – Охрид ( Струга доколку летниот камп се изведува во Струга ) учениците престојуваат седум денови - враќање преку Кичево - Македонски Брод.

Доколку слободната ученичка активност се реализира, раководителот на летниот камп е должен во рок од 3 дена по завршувањето на истата да изготви извештај за постигнатите резултати од оваа активност и истиот го достават до надлежните тела во училиштето.

# ПРОГРАМА

за изведување на седумдневен летен камп со учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение од ООУ „Св. Климент Охридски “ - Македонски Брод

## ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЛЕТНИОТ КАМП

### ЦЕЛ НА ЛЕТНИОТ КАМП

- Проширување на знаењата на учениците за нашата држава, примена на вештините преку непосреден контакт со појавите на кои ќе наидат и посета на културно-историски знаменитости.

### ЗАДАЧИ НА ЛЕТНИОТ КАМП

- Основна задача на учениците ќе биде да се развие интересот за спортски активности, рекреација и создавање на навики за здраво живеење, истражување на објекти и појави во природата, социјализација на учениците и стекнување на навики за осамостојување и грижа за себе, но и другите околу себе.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЛЕТНИОТ КАМП

Летниот камп ќе се реализира во седум денови во месец јули или август 2025 год.

## ОДГОВОРНИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЛЕТНИОТ КАМП

Одговорни за реализирање на ЛЕТНИОТ КАМП се наставниците кои изведуваат настава по ФЗО :

- Марјан Силјаноски
- Јовица Блажески
- Мартин Батанџиовски
- Марјан Стојаноски

## ЛОКАЦИИ НА ПОСЕТА И ПРАВЦИ

Македонски Брод - Кичево - Охрид - Кичево - Македонски Брод.

## СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

### ПРВ ДЕН

- Тргнувањето е во 9:00 часот од пред ООУ „Св. Климент Охридски“ Македонски Брод.
- Сместувањето ќе биде во хотелот кој ќе биде избран на конкурс и учениците ќе се сместат веднаш по стигнувањето.
- Забава на плажа и игри во вода до 15:00 часот.
- Ручекот ќе биде од 15:30 до 16:30 часот
- Игри на плажа од 17:30 до 19:00 часот.
- Вечера од 20:00 до 21:00 часот
- Забава на учениците и меѓусебно дружење до 22:00 часот.
- Легнување во 22:00 часот. ЗАДОЛЖИТЕЛНО!!!

### ВТОР ДЕН

- Станување во 7:00 часот и подготовка на учениците за утринска гимнастика во 07:30 часот.
- Доручек во 08:00 до 09:00 часот.
- Обуката за оние ученици кои не знаат да пливаат започнува од 10:00 до 14:00 часот, а другите ученици ќе имаат можност да научат некој нов стил на пливање.
- Ручекот ќе биде од 15:30 до 16:30 часот
- Игри на плажа од 17:30 до 19:00 часот.
- Вечера од 20:00 до 21:00 часот
- Забава на учениците и меѓусебно дружење до 22:00 часот.
- Легнување во 22:00 часот. ЗАДОЛЖИТЕЛНО!!!

## ТРЕТ ДЕН

- Станување во 7:00 часот и подготовка на учениците за утринска гимнастика во 07:30 часот.
- Доручек во 08:00 до 09:00 часот.
- Обуката за оние ученици кои не знаат да пливаат започнува од 10:00 до 14:00 часот, а другите ученици ќе имаат можност да научат некој нов стил на пливање.
- Ручекот ќе биде од 15:30 до 16:30 часот!!!
- Игри на плажа од 17:30 до 19:00 часот.
- Вечера од 20:00 до 21:00 часот!!!
- Забава на учениците и мaѓусебно дружење до 22:00 часот.
- Легнување во 22:00 часот. ЗАДОЛЖИТЕЛНО!!!

## ЧЕТВРТ ДЕН

- Станување во 7:00 часот и подготовка на учениците за утринска гимнастика во 07:30 часот.
- Доручек во 08:00 до 09:00 часот.
- Од 10:00 до 14:00 часот учениците ќе го посетат Св. Наум и заменитостите во тој дел.
- Ручекот ќе биде од 15:30 до 16:30 часот!!!
- Игри на плажа од 17:30 до 19:00 часот.
- Вечера од 20:00 до 21:00 часот!!!
- Забава на учениците и мaѓусебно дружење до 22:00 часот.
- Легнување во 22:00 часот. ЗАДОЛЖИТЕЛНО!!!

## ПЕТТИ ДЕН

- Станување во 7:00 часот и подготовка на учениците за утринска гимнастика во 07:30 часот.
- Доручек во 08:00 до 09:00 часот.
- Игри во вода, натпревар на учениците и прогласување на победници од 10:00 до 14:00 часот.
- Ручекот ќе биде од 15:30 до 16:30 часот!!!
- Турнир помеѓу учениците од 17:00 до 19:00 часот (фудбал, кошарка и одбојка).
- Вечера од 20:00 до 21:00 часот!!!
- Забава на учениците, караоке шоу, организирање на маскенбал од 21:00 до 23:00 часот.
- Легнување во 23:00 часот. ЗАДОЛЖИТЕЛНО!!!

## ШЕСТИ ДЕН

- Станување во 7:00 часот и подготовка на учениците за утринска гимнастика во 07:30 часот.
- Доручек во 08:00 до 09:00 часот.
- Од 10:00 до 14:00 часот учениците ќе ја посетат Самоиловата тврдина и некои други значајни туристички место во центарот на Охрид.
- Ручекот ќе биде од 15:30 до 16:30 часот!!!
- Игри на плажа од 17:30 до 19:00 часот.
- Вечера од 20:00 до 21:00 часот!!!
- Забава на учениците и мaѓусебно дружење до 22:00 часот.
- Легнување во 22:00 часот. ЗАДОЛЖИТЕЛНО!!!

## СЕДМИ ДЕН

- Станување во 7:00 часот и подготовка на учениците за утринска гимнастика во 07:30 часот.
- Доручек во 08:00 до 09:00 часот.
- Игри на плажа од 10:00 до 14:00 часот.
- Ручекот ќе биде од 15:30 до 16:30 часот!!!
- Пакување на опремата на учениците и напуштање на хотелот во 17:00 часот.
- Тргнување за дома во 18:00 часот со организиран превоз.
- Доме слатки доме!!!

### ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

ЛЕТНИОТ КАМП ќе се изведува со правни лица кои ги исполнуваат следниве услови:

- да се регистрирани според прописите во РСМ за вршење на соодветна туристичка дејност
- да имаат успешно завршено најмалку 3 ученички летни кампови и други слободни ученички активности во последните 3 години
- да ги исполнуваат условите за превоз на група ученици согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи на деца.
- Автобусот да биде климатизиран
- Да има обезбедено лекар

### НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Финансиските средства ги обезбедуваат родителите /старателите на учениците.

### АНАЛИЗА НА ЛЕТНИОТ КАМП

По изведувањето на летниот камп да се изврши анализа и да се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници.

**ЗАБЕЛЕШКА**:

Март, 2025 година
Мак. Брод

**ИЗРАБОТИЛ:**
Марјан Силјаноски

Република Северна Македонија, Сл. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ, Македонски Брод, Основно општинско училиште